La Piz powered by Darvage, е брзо растечка компанија која нуди можност за постојан развој и професионално усовршување на своите вработени. Поради зголемен обем на работа **La Piz** има потреба од вработување на високо мотивирана личност која одговара на описот за работната позиција:

ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР

Потребни квалификации:

- ВСС – соодветно високо образование (Градежен факултет)
- Минимум 3 (три) години работно искуство во струката
- Познавање на MS Office пакетот, AUTOCAD и интернет
- Познавање на англиски јазик
- Поседување возачка дозвола Б категорија

Работни задачи и одговорности:

- Одговорен е за успешно и квалитетно изведување на објектите и врши непосредна контрола врз изградба на објектите.
- Ја следи, реализира и врши проверка на количините на материјалите и ја потврдува нивната веродостојност вградена во месечните, годишните, збирните и други ситуации за извршените работи.
- Се грижи и врши надзор за навремено водење на градежните книги, дневници и решенија за одговорните лица на изведувачите на објектите.
- На градилиштето координира и дава налози за постапување на изведувачите и на другите субјекти.
- Прави спецификација на потребни материјали за работа согласно Предмер пресметка и Динамички план.
- Раководење, обезбедување и координирање на проекти и усогласување, контрола и синхронизација на сите фази на изведба.
- Навремено обезбедување на потребните ресурси (работна сила, опрема и материјали) од почеток до крај со внимание на буџетските ограничувања.

Потребни вештини и способности:

- Способност во организирање на ресурси и поставување на приоритети
- Одлични организациони вештини со флексибилен пристап кон работите и ориентираност кон изнаоѓање на решенија
- Способност за тимска работа
- Лојалност, иницијативност, темелност, енергичност
- Способност за работа под притисок и во дадени рокови
- Работа на повеќе проекти истовремено

Дневното работно време на работникот е од 8 часот до 16 часот.
Неделното работно време изнесува 40 работни часа (од понеделник до петок).
Плата: Висината на платата е во зависност од работното искуство и квалификациите на кандидатот.

Работните задачи се извршуваат во и надвор од седиштето на фирмата ,односно на терен, на градилишта каде што се реализираат проектите, но и во седиштето на фирмата.

Сите заинтересирани кандидати кои сметаат дека имаат вештини и знаење за оваа позиција, треба да испратат своја професионална биографија (CV) на email: dario@darvage.com.mk.
Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.